До:

- Сите сениорски клубови,
- Сите младински клубови,
- Претседател на КФСМ,
- Потпретседател на КФСМ,
- Генерален секретар на КФСМ.

Од:

- Комисија за проверка на кошаркарските сали за сезона 2025/26

Почитувани,

Согласно членот 9. Сала и термини за одигрување на натпревари, поточно членот 9.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, секој клуб е должен да пријави место (сала) во која ќе ги игра натпреварите како домаќин, најмалку 30 дена пред почетокот на натпреварувачката сезона, во согласност со категоризацијата во лиценцниот систем.

Најдоцна 30 дена пред почетокот на Првенството да испрати пополнет Образец НАТ-7 до канцеларијата на комесарот за натпреварување, а секоја промена на термини, до 72 часа пред почетокот на натпреварот.

Во продолжение:

- ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА КОШАРКАРСКИТЕ САЛИ,
- ЛИСТА НА ПРОВЕРКИ ЗА НЕДОСТАТОЦИ ВО КОШАРКАРСКИТЕ САЛИ,
- АНАЛИЗА НА КОШАРКАРСКИТЕ САЛИ ЗА СЕЗОНАТА 2024/25,
- АНАЛИЗА НА КОШАРКАРСКИТЕ САЛИ ЗА СЕЗОНА 2025/26,
- УСЛОВИ КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ОДИГРУВААТ МЛАДИНСКИТЕ НАТПРЕВАРИ.

# ПРАВИЛНИК ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КОШАРКАРСКИ САЛИ

## I. Општи одредби

### Член 1 – Цел

Овој правилник ги утврдува условите, постапката и критериумите за лиценцирање и категоризација на спортските сали за одржување кошаркарски натпревари под надлежност на федерацијата.

### Член 2 – Обврска за лиценца

Секој клуб учесник во официјални натпреварувања е должен да пријави спортска сала и да обезбеди лиценца за користење согласно овој правилник, најдоцна 30 дена пред почетокот на сезоната.

## II. Критериуми за лиценцирање

### Член 3 – Основни критериуми (за сите категории)

1. Терен и димензии – 28 x 15 м, со исправно обележување по ФИБА.
2. Заштитна зона – минимум 2 м слободен простор околу целиот терен без препреки.
3. Подлога – безбедна и рамна, дрвен под, според ФИБА за натпревари од највисоко ниво.
4. Осветлување – минимална јачина, во зависност од категоријата.
5. Семафор и 24 сек. уреди – исправни и поставени по ФИБА.
6. Соблекувални за екипи и судии – целосно опремени.
7. Безбедносни елементи – ограда ≥80 см околу теренот, тунел за влез/излез за високо ниво.

### Член 4 – Дополнителни критериуми

1. ЛЕД сигнализација на таблите.
2. Резервна техничка опрема (табла, обрач, мрежички).
3. Простор за медиуми, ТВ и официјална интернет екипа.
4. Стабилен интернет приклучок за водење официјална статистика.
5. Разгласен уред и државно знаме.
6. Алатки за мерење висина на обрач и јачина на осветлување.

## III. Класификација на спортски сали

### Член 5 – Категорија А (Супер лига – мажи / ФИБА стандард)

- Исполнети сите критериуми од Член 3 и Член 4.
- Осветлување ≥1500 лукси (за ТВ преноси).
- Подлога: дрвен паркет, според ФИБА стандард.
- Целосна ЛЕД сигнализација, синхронизирана со главниот часовник.
- Тунел и заштитни огради.
- Простор за медиуми и ТВ пренос.

**Ниво на натпревари:** Супер лига мажи, плејоф, финални и меѓународни натпревари.

**Член 6 – Категорија B (Прва македонска лига - мажи / Прва лига - жени)**

- Исполнети сите клучни безбедносни критериуми од Член 3.
- Осветлување ≥1000 лукси.
- Подлога: дрвен или квалитетен синтетички под.
- Може да недостасува дел од дополнителната опрема од Член 4.

**Ниво на натпревари:** Прва Македонска лига мажи, Прва лига жени, завршници во младински лиги.

**Член 7 – Категорија C (Аматерска лига – мажи / Втора лига - жени)**

- Исполнети минималните услови од Член 3 за терен, обележување и безбедност.
- Осветлување ≥800 лукси.
- Подлога: не мора да биде дрвен паркет.
- Може да недостасува тунел, ЛЕД сигнализација и услови за медиуми.

**Ниво на натпревари:** Аматерска лига - мажи, Втора лига жени, младински натпревари.

## IV. Заштитна зона

**Член 8 – Дефиниција**

Заштитната зона е слободен простор од најмалку два (2) м од надворешните гранични линии на теренот до најблиската препрека (ѕид, трибини, паноа, столици и сл.).

**Член 9 – Забрани**

Во заштитната зона е забрането поставување на предмети, седишта, рекламни паноа или опрема која не е неопходна за натпреварот.

## V. Табела со услови по категории

| Услов | Кат. A | Кат. B | Кат. C |
|---|---|---|---|
| Заштитна зона ≥2 м (сите страни) | ✓ | ✓ | ✓/делумно |
| Осветлување (лукси) | ≥1500 | ≥1000 | ≥800 |
| Подлога – дрвен паркет (ФИБА) | ✓ | препорачливо | не е задолжително |
| Семафор – целосна функционалност | ✓ | ✓ | ✓ |
| 24 секунди – уреди по ФИБА (над табли) | ✓ | ✓ | ✓ |
| ЛЕД сигнализација на табли (синхронизирана) | ✓ | делумно/преп. | ✕ |
| Тунел за влез/излез на екипи | ✓ | препорачливо | ✕ |
| Ограда околу терен ≥80 см | ✓ | ✓ | препорачливо |
| Резервна опрема (табла, обрач, мрежички) | ✓ | препорачливо | ✕ |
| Простор за медиуми и ТВ | ✓ | препорачливо | ✕ |
| Стабилен интернет за статистика | ✓ | препорачливо | ✕ |
| Димензии на терен 28x15 м + 2 м зона | ✓ | ✓ | ✓ |
| Висина на таван ≥7 м | ✓ | ✓ | препорачливо |
| Записничка маса (плексиглас, платформа 25–30 см) | ✓ | делумно/преп. | препорачливо |
| Клупи за екипи + столчиња за замени | ✓ | ✓ | препорачливо |
| Работен стол/позиција за статистика | ✓ | ✓ | препорачливо |
| Соблекувални екипи и судии (целосно опремени) | ✓ | ✓ | ✓ |
| Освежителни пијалоци во соблекувални | ✓ | препорачливо | може да недостасува |
| Алатки: висина на обрач, јачина на светло | ✓ | препорачливо | може да недостасува |

## VI. Постапка за лиценцирање

### Член 10 – Пријава

Клубот доставува пополнет формулар, а по барање и фотографии (минимум 8 агли), а може и кратко видео (1–2 минути) од салата, заедно со изјава дека условите се точни. Пријавата се поднесува најдоцна 30 дена пред почеток на сезоната.

### Член 11 – Инспекција

Федерацијата именува комисија од три (3) члена (претставник на КФСМ, комесар за натпреварување, службено лице), која врши теренска проверка. Се составува записник со констатации и рокови за отстранување на евентуални недостатоци.

### Член 12 – Одобрување

Врз основа на записникот, комесарот за натпреварување предлага издавање лиценца и категорија (A/B/C). Лиценцата важи за една натпреварувачка сезона.

### Член 13 – Условна лиценца

Доколку се утврдат одредени недостатоци што не ја загрозуваат безбедноста, може да се издаде условна лиценца со рок до почетокот на превенството или со временски рок за отстранување. За недостатоци поврзани со безбедност и технички услови условна лиценца не се издава.

## VII. Контрола и санкции

### Член 14 – Континуирана контрола

Федерацијата има право на ненајавена контрола. Доколку се утврдат промени на условите, лиценцата може да се суспендира.

### Член 15 – Санкции

1) Опомена и рок за отстранување.
2) Парична казна согласно дисциплински прописи.
3) Забрана за одигрување домаќински натпревари до отстранување на недостатоците.
4) Одземање на лиценца во тешки или повторени случаи.

## VIII. Преодни и завршни одредби

### Член 16 – Преодни рокови

Салите кои немаат целосна ЛЕД сигнализација или медиумски услови, но ги исполнуваат безбедносните стандарди, можат привремено да бидат категоризирани како Б/Ц со рок за усогласување од 30 дена.

### Член 17 – Стапување на сила

Овој правилник стапува на сила на денот на неговото усвојување, и се применува од наредната натпреварувачка сезона 2025/26.

### АНЕКС А – Детална матрица на критериуми по категории

| Услов (по формулар) | Категорија А | Категорија Б | Категорија Ц |
|---|---|---|---|
| Посебен службен влез | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Заштитен тунел | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Соблекувални за екипи (целосно опремени) | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Соблекувални за судии (целосно опремени) | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Освежителни пијалоци во соблекувални | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Дрвен под според ФИБА | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Димензии 28x15м + 2м заштитна зона | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Контрастни бои на теренот | Мора да има | Мора да има | Мора да има |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ограда ≥80 см | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Висина на таван ≥7 м | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Осветлување (лукси) | Мора да има | Мора да има (≥1000) | Мора да има (≥800) |
| 16 седишта за екипи | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Столчиња за замени | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Работен стол за статистика | Мора да има | Мора да има | Може да недостасува |
| Заштитна ограда за гостинска клупа | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Записничка маса централно поставена | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Плексиглас за записничка маса | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Должина на маса ≥4 м | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Платформа 25–30 см за масата | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Целосен прибор за масата | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Транспарентни табли со ЛЕД | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Резервна табла | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Зглобни обрачи | Мора да има | Мора да има | Може да недостасува |
| Резервен обрач | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Бели мрежички | Мора да има | Мора да има | Може да недостасува |
| Резервни мрежички | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| ЛЕД синхронизирани со часовник | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Семафор (целосна функционалност) | Мора да има | Мора да има | Може да недостасува |
| 24 сек. уреди (целосна функционалност) | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Разгласен уред | Мора да има | Мора да има | Мора да има |
| Државно знаме | Мора да има | Мора да има | Препорачливо |
| Простор за медиуми | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Простор за ТВ | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Простор за официјална интернет страница | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Стабилен интернет за статистика | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Термометар | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Алатка за висина на обрач | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |
| Алатка за јачина на осветлување | Мора да има | Препорачливо | Може да недостасува |

## ЛИСТА НА ПРОВЕРКИ ЗА КОШАРКАРСКА САЛА

| САЛА | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Спортската сала има посебен службен влез, одвоен од влезот за гледачи | | |
| Постои заштитен тунел кој може да се развлече од влезот до работ на една од граничните линии | | |
| Соблекувална за екипите, мин.24 закачалки, 12 столчиња (клупа за 12 лица), санитарен јазол, 4 туша топла вода доволно простор за непречено пресоблекување на 12 лица | | |
| Соблекувална за судиите, мин. 6 закачалки, 4 столчиња и маса, санитарен јазол, 1 туш со топла вода, доволно простор за непречено пресоблекување на 3 лица | | |
| Во соблекувалните (екипи и судии) организаторот е должен да обезбеди освежителни пијалоци и/или вода флаширана во количина од најмалку 1,5 л. по особа | | |
| **ТЕРЕН ЗА ИГРА** | **ДА** | **НЕ** |
| Подот эа игра е изработен од дрвена подлога која ги исполнува стандардите на ФИБА (само за прва лига мажи) | | |
| Димензиите на теренот за игра се 28 x 15 м., со простор од 2 м. околу теренот, како дополнителна гранична линија која е со контрасна боја во однос на теренот за игра. Во просторот од 2 м. не постојат предмети или рекламни паноа. | | |
| Теренот за игра е обележан во согласност со Службените Кошаркарски Правила. | | |
| Линиите на теренот се одбележани со видлива боја. | | |
| На теренот се одбележани само линиите за кошаркарски натпревари | | |
| Просторите на ограничувања и централниот круг се со контрасна боја од онаа на дрвениот под. | | |
| Теренот е ограден со ограда како би се спречило влегување на публиката во теренот. | | |
| Оградата е висока најмалку 80 см. | | |
| Висината на најниската точка на таванот, односно најниската препрека на теренот изнесува 7 м., мерено од подот во површина на дополнителните гранични линии (32 x 19 м.) | | |
| Теренот за игра е правилно осветлен во секоја точка еднакво. Јачина на осветлување од 1.500 лукса (мерено на 1 м. над површината на теренот) | | |
| **ОКОЛУ ТЕРЕНОТ** | **ДА** | **НЕ** |
| Има 16 седишта стационирани во просторот предвиден за екипите | | |
| Постојат x 2 столчиња за замени поставено од двете страни на записничкиот стол (на исто ниво со подот) | | |
| Постои работен стол за статистика поставен на место од каде се гледа најдобро целиот терен | | |
| Клупата на гостинската екипа е со заштитна ограда од плексиглас по целата нејзина должина | | |

| ЗАПИСНИЧКА МАСА | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Поставена е на средината од страничните линии, од истата страна каде се клупите на екипите | | |
| Записничката маса е со заштитна ограда од плексиглас по целата нејзина должина | | |
| Должината на записничката маса е најмалку 4 м. (со доволно простор за работа на службените лица) | | |
| Записничката маса е подигната на платформа која е висока најмалку 25, најмногу 30 см. | | |
| Организаторот на натпреварот на записничката маса има обезбедено прибор кој се состои од: Таблички со броеви од 1-5 за покажувње на лични грешки на играчите, Таблички за покажување на вкупниот број на грешки од двете екипи (бонус), Покажувач на алтернативен посед на топката, Записник, образец (пропишан од КФСМ), Резервна свирка, Рачен часовник за мерење време (со можност да мери station наназад и со можност мерењето на времето да биде продолжено од времето на прекинот) | | |
| ТЕХНИЧКИ ОПРЕМА | ДА | НЕ |
| Таблите се произведени од транспарентен материјал и се со димензии 1800 x 1050 мм. | | |
| Таблите и носачите се обложени согласно Правилата | | |
| Линиите со кои се обележени таблите се во бела боја | | |
| Долниот раб на таблата е оддалечен од подот 290 мм. | | |
| Во салата постои резервна табла која е подготвена за замена | | |
| Секоја табла е опремена со ЛЕД светилки кои се наоѓаат на нејзината внатрешност од сите 4 страни | | |
| ЛЕД светилките се во црвена боја | | |
| ЛЕД светилките се синхронизирани со уредот за мерење време на начин да се палат и светлат со истекнувагье на секоја четвртина или продолжеток. | | |
| ЛЕД светилките не се палат при истек на периодот од 24 секунди | | |
| ТЕХНИЧКА ОПРЕМА – ОБРАЧИ, МРЕЖИЧКИ | ДА | НЕ |
| Обрачите се зглобни и со технички карактеристики кои ги задоволуваат одредбите од Правилата. | | |
| Обрачите се со црвена или портокалова боја | | |
| Поставени се на висина од 3050 мм. (мерено од долниот раб на обрачот до подот) | | |
| Постои резервен обрач (за замена на оштетен или скршен обрач) | | |
| Мрежичките се изработени од јаже (бела боја), закачени на обрачите со висина од 400-450 мм. | | |
| Постои резервен пар мрежички | | |
| ТЕХНИЧКА ОПРЕМА – СЕМАФОР | ДА | НЕ |
| Го мери времето наназад, од 10:00 до 00:00, искажано во бројки | | |
| Во последната минута од периодот или продолжението, времето е претставено во стоти дел од секунда | | |

| | | |
|---|---|---|
| Да го покажува текот на резултатот или вкупно постигнатите поени на обете страни | | |
| Да ги покажува збирните лични/технички грешки на екипите (бонус) | | |
| Да има доволно звучен автоматски сигнал за означување истек на време за напад на екипите, можност за рачна употреба на звучните сигнали, светлосен ефект на таблите за означување на крај на времето за игра или времето за напад, истовремено со звучниот сигнал | | |
| ТЕХНИЧКА ОПРЕМА – УРЕД ЗА 24 СЕКУНДИ | ДА | НЕ |
| Уредите за 24 сек. се цврсто монтирани над обете табли, согласно Службените кошаркарски правила | | |
| Уредите за 24 сек. (2) се поставени на спротивните агли од игралиштето, надвор од теренот | | |
| Поврзани со главниот часовник за игра, со можност при повторно пуштање на часовникот по прекин, уредот да продолжи со мерење на преостанатите секунди од нападот на екипата која имала посед (контрола) на топката, | | |
| Уредот може да се запре и ресетира на 14 секунди кога истата екипа што претходно имала посед (контрола) на топката, доделена му е да ја уфрли во предното поле, ако екипата имала 13 или помалку секунди за напад | | |
| Кога на уредот за 24 секунди се покаже 0 секунди и се огласи звучен сигнал тоа автоматски не го запира часовникот за игра | | |
| | | |
| ДОДАТНА ОПРЕМА | ДА | НЕ |
| Разгласен уред за потребите за официјално претставување на играчите и информации во текот на натпреварот | | |
| Државно знаме на Република Македонија | | |
| Посебен простор за претставници на акредитираните медиуми | | |
| Посебен простор и услови за Радио и ТВ станици, овластена ТВ куќа партнер на КФСМ | | |
| Посебен простор за претставниците на официјалната интернет страница на КФСМ | | |
| Постои стабилен интернет приклучок за компјутер на кој се води официјалната статистика | | |
| Постои термометар за мерење температура | | |
| Постои соодветна алатка за мерење на висината на обрачот | | |
| Постои соодветна алатка за мерење на јачината на осветлувањето | | |

## СЕНИОРСКИ ЛИГИ 2024/25 – АНАЛИЗА ПО САЛА (КФСМ)

Извор: Билтени на КФСМ #1–30 за сезона 2024/25. За секоја сала се наведени клубовите домаќини и сите пронајдени забелешки од билтените поврзани со условите/техничките уреди. Ако не е наведено – не се најдени забелешки во билтените.

**Сала: СЦ „Јане Сандански“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК МЗТ Скопје Аеродром, КК Феникс 2010, КК МЗТ Уни Банка
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: „Боро Чурлевски“ - Град: Битола**
Клубови домаќини: КК Пелистер, КК Хераклеа, КК Конзули
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: СРЦ „Кале“ (голема) - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Работнички, КК ТФТ Mozzart, КК Шкупи
Забележани проблеми во билтени:
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: „Шабан Трстена“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Чаир 2030, КК Чаир 2030 (Трета лига)
Забелешки во билтени:
- Во таа сала нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: СЦ „Јасмин“ - Град: Кавадарци**
Клубови домаќини: КК Еуро Никел 2005, ЖКК Пробаскет, КК Спортисисмо (Трета лига), ЖКК Јан Бор
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: „Младост“ (Гостивар) - Град: Гостивар**
Клубови домаќини: КК Гостивар, ЖКК Гостивар, КК Гостивар 2 (Трета лига)
Забележани проблеми во билтени:
- нема адекватна соблекувална за судиите,
- нема црвена и жолта лента и автоматска сирена.

**Сала: „Спортска сала Маврово“ - Град: Гостивар**
Клубови домаќини: КК Гостивар (алтернативна)
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: „26 Април“ - Град: Гевгелија**
Клубови домаќини: КК Кожув, КК Гевгелија
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: „Кале“ – мала сала — Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Вардар, ЖКК Вардар, МКК Вардар (Трета лига)
Забележани проблеми во билтени:
• Нема два (2) метра од граничните линии до рекламите, ѕидовите...

**Сала: СОУ „Перо Наков“ - Град: Куманово**
Клубови домаќини: МКК Куманово, ЖКК Куманово Гризли, МКК Куманово (Трета лига)
Забележани проблеми во билтени:
• неисправни технички уреди,
• слабо осветлување.

**Сала: Спортска сала „Куманово“ - Град: Куманово**
Клубови домаќини: МКК Куманово (алтернативна)
Забелешки во билтени: не се евидентирани.

**Сала: ООУ „Зеф Љуш Марку“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Шкупи (алтернативна), ЖКК Шкупи (Прва Б)
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога,
• нема адекватна соблекувална за судиите,
• нема црвена и жолта лента и автоматска сирена.

**Сала: ООУ „Кирил и Методиј“ - Град: Македонска Каменица**
Клубови домаќини: ЖКК Баскет Кам
Забележани проблеми во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите,
• нема црвена и жолта лента и автоматска сирена.

**Сала: „Бранители 2001“ - Град: Крива Паланка**
Клубови домаќини: ЖКК Крива Паланка
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога,
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: ООУ „Независна Македонија“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: ЖКК МЗТ Скопје Аеродром, ЖКК Бадел 1862, КК Ангели, КК Младинец, КК Партизан Водно Санс (алтернативна)
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите,
• несоодветни конструкции за кошевите.

**Сала: СОУ „Методи Митевски Брицо“ - Град: Делчево**
Клубови домаќини: ЖКК Патриот
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога,
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: СЦО „Нико Нестор“ - Град: Струга**
Клубови домаќини: ЖКК Струга 2009, КК Црн Дрим (алтернативна)
Забелешки во билтени: **ЗАБРАНЕТА ЗА КОРИСТЕЊЕ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

**Сала: ООУ „Глигор Прличев“ - Град: Охрид**
Клубови домаќини: ЖКК Охрид
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: „Младост“ (Неготино) — Град: Неготино**
Клубови домаќини: ЖКК Спорт Тим
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога,
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: ООУ „Наум Наумовски – Борче“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Маџари, КК Феникс Баскет (Трета лига)
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.
• неисправни технички уреди.

**Сала: ООУ „Наум Наумовски - Борче“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Маџари (алтернативна)
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.
• неисправни технички уреди.

**Сала: „Јордан Мијалков“ - Град: Штип**
Клубови домаќини: КК Соколи 1933
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: СЦ „Гемиџии“ - Град: Велес**
Клубови домаќини: КК Борец Баскет
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога.

**Сала: ООУ „Добре Јованоски“ - Град: Прилеп**
Клубови домаќини: КК Мега Баскет, КК Мега Баскет Јуниор (Трета лига)
Забелешки во билтени:
• линолеум подлога,
• нема адекватна соблекувална за судиите.

**Сала: СЦ „Борис Трајковски“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Партизан Водно Санс
Забележани проблеми во билтени:
• Нема два (2) метра од граничните линии до рекламите, ѕидовите...

**Сала: ООУ „11 Октомври“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Работнички 2018
Забелешки во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.
• неисправни технички уреди.

**Сала: „Иван Хаџи Николов“ - Град: Скопје**
Клубови домаќини: КК Бутел
Забележани проблеми во билтени:
• нема адекватна соблекувална за судиите.
• неисправни технички уреди.

**Сала: СЦ „Тими“ — Град: Струга**
Клубови домаќини: КК Црн Дрим
Забелешки во билтени:
• не се евидентирани.

**Сала: СЕУ „8 Септември“ - Град: Тетово**

Клубови домаќини: КК Тетекс ТТК, КК Љуботен

Забелешки во билтени:

- линолеум подлога,
- нема адекватна соблекувална за судиите.
- неисправни технички уреди.

**Сала: СЦ „Парк“ - Град: Струмица**

Клубови домаќини: КК Струмица

Забелешки во билтени:

- неисправни технички уреди.

**Сала: „Спортска сала Дебар“ (Дебар) - Град: Дебар**

Клубови домаќини: КК Дибра Иглс

Забелешки во билтени:

- неисправни технички уреди.

**Сала: СОУ „Гимназија“ (Гостивар) - Град: Гостивар**

Клубови домаќини: КК Гостивар 2

Забелешки во билтени:

- нема адекватна соблекувална за судиите.
- неисправни технички уреди.

**Сала: СУ „Никола Карев“ - Град: Струмица**

Клубови домаќини: КК Ролинг

Забелеш ки во билтени:

- неисправни технички уреди.

**Сала: „Цар Самоил“ - Град: Свети Николе**

Клубови домаќини: КК Овче Поле СВН 2023

Забележани проблеми во билтени:

- нема адекватна соблекувална за судиите.
- неисправни технички уреди.

До: Сите сениорски и младински клубови

Почитувани,

Согласно меилот кој ви беше испратен на ден 7.8.2025 година, (четвртокот), а по членот 9. сала и термини за одигрување на натпревари, односно членот 9.1, од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, секој клуб е должен да пријави место (сала) во која ќе ги игра натпреварите како домаќин, најмалку 30 дена пред почетокот на натпреварувачката сезона, во согласност со категоризацијата во лиценцниот систем.

Во дадениот рок, следниве екипи испратија меил и/со пополнет образец до канцеларијата за сениорските лиги.

Претставници на комисијата извршија теренски увид. Комисијата ги класифицирааше салите согласно лиценцниот систем.

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО СУПЕР ЛИГА МАЖИ - СЕЗОНА 2025/26

| # | КЛУБ | САЛА | ГРАД | ЛИЦЕНЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КК „МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ АД“ | СЦ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ | СКОПЈЕ | А |
| 2 | КК „ТФТ“ | / | / | / |
| 3 | МКК „КУМАНОВО“ | „СПОРТСКА САЛА КУМАНОВО“ | КУМАНОВО | А |
| 4 | КК „РАБОТНИЧКИ“ | „ФИСКУЛТУРНО“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |
| 5 | КК „КОЖУВ“ | „26 АПРИЛ“ | ГЕВГЕЛИЈА | А / УСЛОВНА |
| 6 | КК „ПЕЛИСТЕР“ | „БОРО ЧУРЛЕВСКИ“ | БИТОЛА | А |
| 7 | КК „ЧАИР 2030“ | „ШАБАН ТРСТЕНА“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |
| 8 | КК „ФЕНИКС 2010“ | СЦ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ | СКОПЈЕ | А |
| 9 | КК „ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ“ | „ЈАСМИН“ | КАВАДАРЦИ | А |
| 10 | КК „ГОСТИВАР“ | „МЛАДОСТ“ | ГОСТИВАР | А / УСЛОВНА |
| 11 | КК „МАЏАРИ“ | / | / | / |
| 12 | КК „АНГЕЛИ“ | „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО ПРВА ЛИГА ЖЕНИ - СЕЗОНА 2025/26

| # | КЛУБ | САЛА | ГРАД | ЛИЦЕНЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЖКК „БАСКЕТ КАМ“ | ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ | МАК. КАМЕНИЦА | Б / УСЛОВНА |
| 2 | ЖКК „ВАРДАР“ | „КАЛЕ“ - МАЛА САЛА | СКОПЈЕ | Б |
| 3 | ЖКК „КРИВА ПАЛАНКА“ | „БРАНИТЕЛИ 2001“ | КРИВА ПАЛАНКА | Б / УСЛОВНА |
| 4 | ЖКК „МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ“ | ООУ „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |
| 5 | ЖКК „БАДЕЛ 1862“ | ООУ „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |
| 6 | ЖКК „ПРОБАСКЕТ“ | СЦ „ЈАСМИН“ | КАВАДАРЦИ | А |
| 7 | ЖКК „ПАТРИОТ“ | СОУ „М. М. БРИЦО“ | ДЕЛЧЕВО | Б / УСЛОВНА |
| 8 | ЖКК „СПОРТ ТИМ“ | СРЦ „МЛАДОСТ“ | НЕГОТИНО | Б / УСЛОВНА |

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА ЛИГА МАЖИ - СЕЗОНА 2025/26
## (ЕКИПИ СПОРЕД УСПЕХ)

| # | КЛУБ | САЛА | ГРАД | ЛИЦЕНЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КК „ШКУПИ“ | / | / | / |
| 2 | ГКК „ВАРДАР“ | „КАЛЕ – КК ВАРДАР“ – МАЛА САЛА | СКОПЈЕ | Б |
| 3 | КК „СОКОЛИ 1933“ | „ЈОРДАН МИЈАЛКОВ“ | ШТИП | А / УСЛОВНА |
| 4 | КК „МЗТ УНИ БАНКА“ | / | / | / |
| 5 | КК „ЦРН ДРИМ“ | СЦ „ТИМИ“ | СТРУГА | А |
| 6 | КК „БУТЕЛ“ | „ИВАН ХАЏИ НИКОЛОВ“ | СКОПЈЕ | Б / УСЛОВНА |
| 7 | КК „БОРЕЦ БАСКЕТ“ | „ГЕМИЏИИ“ | ВЕЛЕС | Б |
| 8 | ГКК „ОХРИД“ | СЦ „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ | ОХРИД | А |
| 9 | КК „ВОДНО САНС“ | / | / | / |
| 10 | КК „СТРУМИЦА ФМП“ | „НИКОЛА КАРЕВ“ | СТРУМИЦА | Б / УСЛОВНА |
| 11 | КК „ТЕТЕКС ТТК“ | „8 СЕПТЕМВРИ“ | ТЕТОВО | Б / УСЛОВНА |
| 12 | КК „РОЛИНГ СТРУМИЦА“ | „ПАРК“ | СТРУМИЦА | А |

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА ЛИГА МАЖИ - СЕЗОНА 2025/26
## (ЕКИПИ СО ПОСЕБНА ПОКАНА)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | КК „ОВЧЕ ПОЛЕ“ | „ЦАР САМОИЛ“ | СВЕТИ НИКОЛЕ | Б / УСЛОВНА |
| 14 | КК „МЕГА БАСКЕТ“ | „ООУ ДОБРЕ ЈОВАНОВСКИ“ | ПРИЛЕП | Б / УСЛОВНА |
| 15 | КК „МЛАДИНЕЦ“ | „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“ | СКОПЈЕ | А / УСЛОВНА |
| 16 | КК „СПОРТИСИМО“ | „ЈАСМИН“ | КАВАДАРЦИ | А |

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО ВТОРАТА ЛИГА ЖЕНИ - СЕЗОНА 2025/26

| # | КЛУБ | САЛА | ГРАД | ЛИЦЕНЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЖКК „СТРУГА 2009“ | СЦ „ТИМИ“ | СТРУГА | А |
| 2 | ЖКК „ШКУПИ“ | / | / | / |
| 3 | ЖКК „ОХРИД“ | „ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ“ | ОХРИД | Б / УСЛОВНА |
| 4 | ЖКК „ГОСТИВАР“ | „МЛАДОСТ“ | ГОСТИВАР | А / УСЛОВНА |
| 5 | ЖКК „РИНИА“ | „СПОРТСКА САЛА КУМАНОВО“ | КУМАНОВО | А |
| 6 | ЖКК „ГЕВГЕЛИЈА“ | „26 АПРИЛ“ | ГЕВГЕЛИЈА | А / УСЛОВНА |
| 7 | ЖКК „ТИМ АРЕНА“ | „ЈОРДАН МИЈАЛКОВ“ | ШТИП | А / УСЛОВНА |

## ПРИЈАВЕНИ САЛИ ЗА ЕКИПИТЕ ВО АМАТЕРСКАТА ЛИГА МАЖИ - СЕЗОНА 2025/26

| # | КЛУБ | САЛА | ГРАД | ЛИЦЕНЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | КК „ХЕРАКЛЕА“ | „БОРО ЧУРЛЕВСКИ“ | БИТОЛА | А |
| 2 | КК „КОНЗУЛИ“ | „БОРО ЧУРЛЕВСКИ“ | БИТОЛА | А |
| 3 | КК „ДИБРА ИГЛС“ | „ГРАДСКА САЛА ДЕБАР“ | ДЕБАР | А / УСЛОВНА |
| 4 | КК „ИБА БАСКЕТ“ | СЦ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ / „ФИСКУЛТУРНО“ | СКОПЈЕ | А / Б УСЛОВНА |
| 5 | КК „ГЕВГЕЛИЈА“ | „26 АПРИЛ“ | ГЕВГЕЛИЈА | А / УСЛОВНА |
| 6 | КК „ВИНЕАМ“ | „КИРЧО ДИМИТРИОВ“ | ВИНИЦА | А / УСЛОВНА |
| 7 | КК „ШАР ПЛАНИНА“ | „ПЕТРЕ ЈОВАНОВСКИ“ | ГОСТИВАР | Б УСЛОВНА |
| 8 | КК „ЧАИР“ | „ШАБАН ТРСТЕНА“ | СКОПЈЕ | Б УСЛОВНА |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИЈАВЕНИ САЛИ – СЕЗОНА 2025/26

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | СРЦ „КАЛЕ“ | СКОПЈЕ | А |
| | | „БЛОКОТЕХНА“ | ГЕВГЕЛИГА | А |

**НАПОМЕНИ:**

**1. За младинските категории – ниско ниво (дозволено за М12, М14)**

**Димензии на терен:** дозволени и намалени (на пр. 26×14 м или 25×14 м), со обележување според ФИБА за соодветната возраст.
**Заштитна зона:** најмалку 1,5 м од сите страни, без препреки.
**Подлога:** може синтетичка (линолеум/гума), важно да е безбедна, нелизгава.
**Осветлување:** минимум 300–500 lx, рамномерно осветлување.
**Опрема:** стабилни кошеви (подвижни/фиксирани), семафор може да биде едноставен, без LED табли.
**Соблекувални:** барем по една за секоја екипа и судии.
**Здрава и безбедна средина:** забранети објекти или паноа во заштитната зона.

**2. За младински категории - средно ниво (стандард – М16, М18)**

**Димензии на терен:** целосни 28×15 м, со заштитна зона ≥2 м.
**Подлога:** дрвен паркет или квалитетен синтетички (FIBA certified).
**Осветлување:** ≥800 lx (еквивалентно на Кат. C од документот).
**Семафор:** основна функционалност (резултат, време, лични грешки, периоди), уред за 24 секунди задолжителен.
**Трибини:** минимум 200–300 места.
**Соблекувални:** минимум две за екипите и една за судии, со санитарии.
**Интернет:** препорачливо стабилна конекција за статистика.
**Безбедност:** ограда ≥80 см зад клупите, медицинско лице задолжително.

**3. За младински категории - високо ниво (М20, завршници)**

**Димензии и зона:** 28×15 м + заштитна зона ≥2 м од сите страни.
**Подлога:** задолжителен дрвен паркет (FIBA Level 1).
**Осветлување:** ≥1000 lx (за пренос/стриминг ≥1200 lx).
**Семафор и опрема:** целосна функционалност, LED табли над кошевите, уред за 24 сек., сирена синхронизирана со часовник.
**Записничка маса:** платформа 25–30 см со плексиглас заштита, минимум 4 м должина.
**Простор за медиуми:** минимум 10 места, стабилен интернет.
**Соблекувални:** професионални стандарди (простор, тушеви, санитарии).
**Безбедносни мерки:** тунел за влез/излез на екипите, обезбедување во сала.

**Клучни напомени:**

- Флексибилност за М12 и М14: дозволени се отстапувања во предвидените генерални димензии - намалени терени.

- Стандарди за М16 и М18: веќе се бараат исти услови како аматерска сениорска лига (Кат. С), бидејќи натпреварите често имаат голема гледаност.

- Највисок услов за М20: практично се приближува кон прва лига, со барање за дрвен паркет, ≥1000 lx и целосна семафорска опрема.

4. Согласно членот 20, Сала, поточно членот 20.1, натпреварите на сите нивоа, може да се играат исклучиво во сали кои ги задоволуваат условите пропишани во Службените кошаркарски правила и кои се регистрирани од страна на посебна комисија, именувана од Комесарот за натпреварување.

5. Во рамки на овој извештај се констатираат исклучиво спортските услови согласно актите на ФИБА и КФСМ.
Комисијата нема надлежност врз конструкцијата/стабилноста на објектот, противпожарната заштита, електричните инсталации, евакуациските планови и другите безбедносни системи, за кои целосна одговорност сноси сопственикот/корисникот на салата и надлежните институции.
Доколку се појави очигледна и непосредна опасност (на пр. оштетување или откинување дел од кровната конструкција), натпреварот се прекинува, салата се евакуира и автоматски се суспендира за натамошна употреба сè до доставување на валиден стручен наод дека е безбедна за организација на спортски настани.

6. Сите клубови што ќе добијат условна лиценца, ќе добијат и посебни меилови со објаснување и рок на отстранување.

7. Доколку истотото не биде отстрането во дадениот рок, клубот ќе го изгуби правото да организира натпревари во таа сала како домаќин.

Поздрав,

Комисија:

Лице назначено од КФСМ:
Владимир Темелковски,

Службено лице – претседател на СК на КФСМ:
Алија Феревски,

Комесар за натпреварување,
Александар Милојевиќ